РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ

# ” Примена на Законот за бесплатна правна помош“

---------------------------------------

Судија Лидија Димова
Основен суд Велес

Скопје, 2022 година

# ПРИСТАП ДО ПРАВДА – бесплатна правна помош




Бесплатна правна помош, е помош одобрена и финансирана од државата за ранливите категории граѓани кои поради недостиг на финансиски средства не можат самите да ги решат правните проблеми со кои се соочуваат.

Постои примарна и секундарна правна помош

Право на примарна правна помош има секое физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Северна Македонија.

# Предмет на законот

**Со Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на РСМ„бр.101/2019) се уредуваат:**

**-општите правила за обезбедување на бесплатна правна помош,**
**-видови и  опсег на бесплатна правна помош,**
**-даватели и корисници на бесплатна правна помош, нивните обврски и одговорности,**
**-постапка во која се остварува правото на бесплатна правна помош,**
**-финансирање, награда и надоместок на трошоци за дадената бесплатна правна помош,**
**-бесплатна правна помош во прекугранични спорови,**
**-трнспарентност и отчетност во давање бесплатна правна помош,**
**-посебни постапки за правна помош,**
**-надзор над примената на овој закон и**
**- други прашања кои се однесуваат на бесплатната правна помош.**

# Примена на ЗБПП

**Член 49**

Со денот на отпочнување со примената на овој закон, **престанува да важи Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Македонија“ број 161/2009, 185/11, 27/14 и 104/15),** ***освен членот 8 во делот кој се однесува на заштита на жртвите од казниви дела и заштита на жртви од трговија со луѓе***.

**Член 50**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”, **а ќе започне да се применува од 1 октомври 2019 година.**

# Цел на законот

Член 2

(1) Целта на овој закон е да се овозможи и унапреди правото на физичките лица на пристап до правдата и правичната судска заштита.

(*) *Со овој закон се врши усогласување со директивата ДИРЕКТИВА 2002/8/ЕЗ НА СОВЕТОТ од 27 јануари 2003 година за подобрување на пристапот до правда при прекугранични спорови со воспоставување минимум заеднички правила што се однесуваат на правна помош за такви спорови, CELEX 32003L0008 2 од 29*

(2) Правото на бесплатна правна помош се остварува во обем и постапка уредена со овој закон.

(3) Овој закон не се применува за правни работи за кои е предвидена бесплатна правна помош со посебни закони.


НЕ БИДИ МАЈМУН
MOS U BE MAJMUN
MAYMUN OLMA
MA OF MAJMUNI
NU TI FA MAJMUN
NE BUDI MAJMUN


£5
CANADA



# Одложено дејство на одредби од законот

**Член 48**

(1) Одредбите од членовите 35, 36 и 37 од овој закон (БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО ПРЕКУГРАНИЧНИ СПОРОВИ ) ***ќе започнат да се применуваат по пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.***

(2) Одредбата од членот 35 став (1) ***не се однесува на Кралството Данска.***

# ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 45**

Здруженијата и адвокатите кои до денот на отпочнувањето на примената на овој закон се запишани во Регистарот на здруженија на граѓани за претходна правна помош и Регистарот на адвокати за правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Македонија“ број 161/2009, 185/11, 27/14 и 104/15), продолжуваат со својата работа согласно со овој закон.

**Член 46**

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 47

Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите од член 34 од овој закон која ја донесува Управниот одбор на Адвокатска комора, ќе се усогласи со одредбите од овој закон во координација со Министерството за правда во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

# КОЈ МОЖЕ ДА КОРИСТИ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ?

Во зависност од видот на бесплатната правна помош која може да се бара, постојат и различни критериуми регулирани во Законот за бесплатна правна помош кои лицата - баратели на бесплатна помош треба да ги исполнуваат.

***Примарна правна помош*** може да бара било кое лице, ***а секундарна правна помош*** можат да користат **само лица кои исполнуваат определени услови.**

# Опсег на примарна правна помош

Член 6

**Примарна правна помош опфаќа:**

- *иницијален правен совет* за правото на користење на бесплатна правна помош,
- *општа правна информација,*
- *општ правен совет*,
- *помош при комплетирање на барањето за секундарна правна помош,*
- *помош при пополнување на формулари, обрасци издадени од управен орган во управна постапка за социјална заштита и заштита на правата на децата; пензиско, инвалидско и здравствено осигурување; заштита на жртви на родово базирано насилство и семејно насилство; постапка за упис во матична книга на родени; стекнување со документи за лична идентификација и државјанство,*
- *составување на претставки до Комисијата за заштита од дискриминација и до Народниот правобранител и барања за заштита на слободи и права до Уставниот суд на Република Северна Македонија*.

# Обезбедување на примарна правна помош

(1) **Примарна правна помош се дава на секое заинтересирано лице.**

(2) Првичната средба во Министерството, во овластеното здружение, во правната клиника е со цел на лицето кое е заинтересирано **да му се објасни природата на проблемот или да му се помогне да дознае дали проблемот е правно прашање,** дали истото е во рамките на опфатот на правните услуги кои Министерството, здружението и правната клиника ги даваат, како и видовите на правна помош кои се најсоодветни залицето.

(3) Во постапката додека ја даваат примарната правна помош Министерството, здружението и правната клиника **немаат право да постапуваат во име и за сметка на лицето.**

(4) **Примарната правна помош што ја дава Министерството опфаќа:** - иницијален правен совет за правото на користење на бесплатна правна помош, - општа правна информација, - општ правен совет, - помош при комплетирање на барањето за секундарна правна помош.

# Обврски на давателите на примарна правна помош

(1) Давателите се должни да даваат примарна правна помош и да соработуваат меѓусебно согласно одредбите од овој закон.

(2) При давање примарна правна помош, давателот го известува заинтересираното лице за правата и обврските на корисниците на бесплатна правна помош и за постапката за добивање на примарна и на секундарна правна помош, без никаков надоместок.

(3) Давателот има обврска на лицето да му помогне да го пополни барањето за секундарна правна помош,изјавата за неговата финансиска состојба и на членовите на неговото семејство, кон кое се приложени оние документи кои само лицето ги поседува. Министерството по службена должност ги прибавува и сите други потребни документи од надлежни институции.

(4) Врз основа на првичната средба со лицето и целокупната прибавена документација, давателот **најдоцна во рок од два дена од средбата** ќе изготви **кратко писмено мислење за предметот кое ќе го приклучи кон списите и ќе го комплетира барањето за секундарна правна помош.**

# СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ

**Секундарна правна помош се одобрува на лице:**

- ✓ кое има потреба од стручна правна помош од адвокат
- ✓ за конкретна правна работа и
- ✓ кое не е во можност да ги плати трошоците на постапката заради неговата финансиска состојба и чие барање е оправдано.

**Секундарна правна помош опфаќа застапување во постапка:**

- ✓ пред суд,
- ✓ државен орган,
- ✓ Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија,
- ✓ Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и
- ✓ лица кои вршат јавни овластувања како
- ✓ и ослободување од трошоците согласно одредбите предвидени со овој и друг закон

# Потврда за одобрена секундарна правна помош

Со потврдата со која се одобрува секундарна правна помош се:

- овластува назначениот адвокат за давање на секундарна правна помош,
- ослободува корисникот од судски такси и трошоци поврзани со постапката пред суд согласно закон,
- ослободува корисникот од трошоците за вештачењето и
- ослободува корисникот од административни такси.

(6) Вештачењето се обезбедува преку Бирото за судски вештачења согласно со Законот за вештачење.

# Трошоци за секундарна правна помош

Трошоците за обезбедувањето на секундарна правна помош согласно постапките предвидени со овој закон **се обезбедуваат од средствата на Буџетот наМинистерството.**

Доколку корисникот на секундарна правна помош **успее во спорот и судот ја задолжи спротивната страна да ги надомести трошоците на постапката целосно или делумно согласно одредбите од законот кои ја уредуваат судската постапка, во тој случај судот во изреката на судската одлука ќе ја задолжи спротивната странка износот на трошоците на постапката да ги уплати на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија**.

**Доверител за наплата на трошоците во постапката** за извршување согласно Законот за извршување е Република Северна Македонија.

**Бесплатната правна помош** не ги опфаќа трошоците кои корисникот е должен да ги надомести **ако не успее во парничната постапка.**

Секундарна правна помош **ги опфаќа оние трошоци на постапката што настанале по денот на одобрување на барањето за доделување на бесплатна правна помош.**

# Изрека на одлука на судот во делот за трошоци на постапката

*Пример:*

Тужбеното барање на тужителот (корисник на бесплатна секундарна правна помош) СЕ УСВОЈУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот да ги надомести трошоците на постапката предизвикани за добивање бесплатна секундарна правна помош на тужителот во износ од 100.000,00 денари, кои да ги уплати **на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија.**

# Прашалник?

1.Дали **корисник на бесплатна секундарна помош е должен** независно од исходот на парницата да и ги надомести на спротивната странка трошоците ***што ги предизвикал по своја вина?***

2.Како би се применил Законот за бесплатна правна помош кај ***сопарничари*** од кои еден од нив е корисник на бесплатна правна помош во однос на трошоци на постапката?

3. Како би се применил ЗБПП во однос на трошоците на постапката за обезбедување на докази, кои ги поднесува странката која поднела предлог за обезбедување на докази (надомест за увид на лице место, надомест за превоз на судот, вештачење само преку Биро за судски вештачења,аванс за трошоците на сведоците,за судски огласи...)?

# Примена на член165 од ЗПП, наспрема Законот за бесплатна правна помош

**Член 165**

(1) Кога странката наполно е ослободена од плаќање на трошоците на постапката (член 163 став (2)), ***првостепениот суд по нејзино барање ќе определи да ја застапува полномошник, ако тоа е нужно заради заштита на правата на странката.***

(2) ***Странката на која и е назначен полномошник се ослободува од плаќање на трошоците и наградата на назначениот полномошник.***

(3) ***Полномошникот од редот на адвокатите го назначува претседателот на судот.***

(4) **Назначениот полномошник може од оправдани причини да бара да биде разрешен. За тоа одлучува надвор од главната расправа претседателот на советот, а на расправата советот. Против одлуката на судот со која се разрешува полномошникот не е дозволена жалба.**

(5) Против решението на судот со кое се усвојува барањето на странката за назначување на полномошникот не е дозволена жалба.

# Примена на член166 и 167од ЗПП, наспрема Законот за бесплатна правна помош

**Член 166**

Кога странката е наполно ослободена од плаќање на трошоците на постапката (член 163 став (2)), од средствата на судот ќе се исплати аванс за трошоците на сведоците, вештаците, преведувачите, толкувачите, за увид и за издавање на судски оглас, како и трошоците на поставениот полномошник.

**Член 167**

(1) Решението за ослободување од плаќање на трошоците и за назначување на полномошникот првостепениот суд во текот на постапката може да го укине ако утврди дека странката е во состојба да ги поднесува трошоците на постапката. Притоа, судот ќе реши дали странката наполно или делумно ќе ги надомести и оние трошоци и такси од кои порано била ослободена, како и трошоците и наградата на назначениот полномошник.

(2) Првенствено ќе се надоместат износите исплатени од средствата на судот.

# Примена на член166 и 167од ЗПП, наспрема Законот за бесплатна правна помош

**Член 168**

(1) Таксите и трошоците исплатени од средствата на судот, како и фактичките издатоци и наградата на назначениот полномошник, претставуваат дел од парничните трошоци.

(2) За надоместокот на овие трошоци од страна на противникот на странката која е ослободена од плаќање на трошоците на постапката судот ќе одлучи според одредбите за надоместокот на трошоците.

(3) Таксите и трошоците исплатени од средствата на судот ги наплатува по службена должност првостеениот суд од странката која е должна да ги надомести.

(4) Ако противникот на странката која е ослободена од плаќање на трошоците на постапката е задолжен да ги надомести парничните трошоци, а ќе се утврди дека тој не е во состојба да ги плати тие трошоци, судот може дополнително да определи трошоците од ставот (1) на овој член да ги плати во целост или делумно странката која е ослободена од плаќање на трошоците на постапката од она што и е досудено. Со тоа не се задира во правото на оваа странка за она што го платила да бара надоместок од противникот.

**Член 169**

Надоместокот на трошоците на парничната постапка што ќе настанат пред судовите во Република Македонија, го утврдува со правилник министерот за правда.

# Кога се одобрува секундарна правна помош

Секундарна правна помош може да се одобри за широк спектар на постапки од граѓанска и управна природа освен оние за кои изрично е определено дека за нив нема да се одобри секундарна правна помош. Секундарна правна помош може да се одобри за:

**Граѓански судски постапки**

**Управни постапки**

**Управни спорови**

Секундарна правна помош ќе се одобри на жртви на кривични дела и жртви на трговија со луѓе за застапување **како оштетени во кривична постапка.**

# Кога не се одобрува секундарна правна помош

Секундарна правна помош **нема да се одобри** за следниве постапки:

- ✓ Царински и даночни работи
- ✓ Клевета и навреда
- ✓ Надомест на нематеријална штета, освен во случаи за жртви на кривични дела, како и во случај на смрт или тежок инвалидитет согласно одредбите од Законот за облигационите односи
- ✓ Прекршоци
- ✓ Јавни и комунални услуги
- ✓ Имотни прашања во управна постапка.

# Кој има право да поднесе барање?

Лице државјанин на Република Северна Македонија со постојано живеалиште во Република Северна Македонија,

Странски државјанин со дозвола за привремен или постојан престој во Република Северна Македонија или лице без државјанство кое законски престојува во Република Северна Македонија,

Лице кое има право на правна помош обезбедена од Република Северна Македонија согласно меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот на Република Северна Македонија

Баратели на правото на азил

# Услови

***На барателот ќе му се одобри секундарна правна помош доколку:***

- ✓ ги исполнува условите во однос на приходот
- ✓ ги исполнува условите во однос на имотот
- ✓ барањето е оправдано
- ✓ ги исполнува условите за секундарна помош по исклучок

***Услови во однос на приходот***

Месечниот приход на барателот во случај **кога лицето живее само не треба да го надмине износот на минималната нето плата** во Република Северна Македонија, утврдена со прописите од областа на минималната плата,

Во случај кога барателот **живее во заедничко домаќинство** со ***членовите на неговото семејство не го надминува износот на минималната нето плата и месечниот приход на секој нареден член на семејството не го надминува износот од 20 % од минималната нето плата утврдена со прописите од областа на минималната плата.***

## *Табела со максимален приход кој може да го обезбеди домаќинство со одреден број членови за да може да се стекне со право на секундарна правна помош (2020 година)*

| **Бројност на домаќинството:** | **Максимален приход:** |
| --- | --- |
| Самечко домаќинство | 14.500 денари |
| Двочлено домаќинство | 17.400 денари |
| Тричлено домаќинство | 20.300 денари |
| Четиричлено домаќинство | 23.200 денари |
| Петчлено домаќинство | 26.100 денари |
| Шестчлено домаќинство | 29.000 денари |
| Седумчлено домаќинство | 31.900 денари |

# Услови во однос на имотот на барателот

Барателот може да се стекне со право на секундарна правна помош доколку тој/таа и членовите на неговото/нејзиното домаќинство;

- ❖ имаат во сопственост само еден едностанбен објект или стан како посебен дел од зграда во кој живеат,
- ❖ имаат во сопственост една или повеќе физички поврзани катастарски парцели со вкупна површина не поголема од 300 м$^2$ во Град Скопје или 500 м2 во општините во Република Македонија, односно една или повеќе катастарски парцели со вкупна површина не поголема од 5000 м$^2$ во рурални средини и
- ❖ имаат само едно регистрирано моторно возило чија работна зафатнина на моторот не е поголема од 1 200 кубни сантиметри.

# Секундарна правна помош без утврдување на материјалната состојба

Секундарна правна помош ќе се одобри без утврдување на финансиската состојба во следните случаи:

- барателот е сместен во згрижувачко семејство, станбена единица за организирано живеење со поддршка или во установа за социјална заштита, со решение на Центар за социјална работа (во натамошниот текст: посебни околности),
- барателот има потреба од покренување и застапување во постапка за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство пред надлежен суд, или
- барателот поради елементарна непогода, виша сила или други околности кои се надвор од негова контрола се најде во финансиска состојба што го спречува самостојно да обезбеди заштита на своите права

# Оправданост на барањето

Барањето за секундарна правна помош ќе биде одбиено доколку е неоправдано.

За неоправдано ќе се смета барањето во следните случаи:

- кога е очигледно дека барањето на барателот е неосновано поради непостоење на правни факти врз основа на кои можат да бидат преземени правни дејствија,
- кога се работи за очигледна злоупотреба на правото на бесплатна правна помош,
- правното прашање за кое е побарана правна помош е очигледно неразумно,
- ако очекувањата и барањата на барателот се очигледно во спротивност со исходите во прашања со исти или слични фактички состојби за исти правни прашања и
- кога барањата на барателот се во спротивност со моралот.

# Подзаконски акти

- ПРАВИЛНИК ЗА МИНИМАЛНИТЕ ПРОСТОРНИ И ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ЗДРУЖЕНИЈАТА ЗАРАДИ ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА ОВЛАСТЕНИ ЗА ДАВАЊЕ ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ
- ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА АДВОКАТ
- ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПОСТАПУВАЊЕ ПО БАРАЊЕТО ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ
- ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА РАСПИШУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ КОНКУРС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ДАВАЊЕ НА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ НА ОВЛАСТЕНИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА И ПРАВНИТЕ КЛИНИКИ ДАВАТЕЛИ НА ПРИМАРНА ПРАВНА П
- ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО ПОСТАПКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРАВО НА АЗИЛ
- ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ДОСТАВЕНИОТ ТРОШКОВНИК ОД СТРАНА НА АДВОКАТОТ ЗА ДАДЕНАТА ПРАВНА ПОМОШ НА ДЕЦА
- ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ТРОШКОВНИКОТ ЗА ДАДЕНАТА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ ОД АДВОКАТ
- ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ТРОШКОВНИКОТ ЗА ДАДЕНАТА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ ОД СТРАНА НА АДВОКАТ ВО ПОСТАПКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРАВО НА АЗИЛ
- ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ДОСТАВЕНИОТ ТРОШКОВНИК ОД СТРАНА НА АДВОКАТОТ ЗА ДАДЕНАТА ПРАВНА ПОМОШ НА ДЕЦА
- ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ТРОШКОВНИКОТ ЗА ДАДЕНАТА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ ОД АДВОКАТ
- ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ТРОШКОВНИКОТ ЗА ДАДЕНАТА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ ОД СТРАНА НА АДВОКАТ ВО ПОСТАПКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРАВО НА АЗИЛ
- ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ТРОШКОВНИКОТ ЗА ОБЕМОТ НА ИЗВРШЕНАТА РАБОТА ОД ЗДРУЖЕНИЈАТА И ПРАВНИТЕ КЛИНИКИ
- ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА
- ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА, ФОРМАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПОДАТОЦИТЕ ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА РЕШАВАЊЕТО НА ПОДНЕСЕНИТЕ БАРАЊА ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАИТЕ
- ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА ОВЛАСТЕНИ ЗА ДАВАЊЕ ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ И ВО РЕГИСТАРОТ НА ПРАВНИ ФАКУЛТЕТИ ОВЛАСТЕНИ ЗА ДАВАЊЕ ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ
- ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ЗАПИШУВАЊЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА АДВОКАТИ ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ
- ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА АДВОКАТИ ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ
- ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА СЕКУНДАРНА ПРАВНА ПОМОШ
- ТАРИФА ЗА НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ПРАВНИТЕ КЛИНИКИ ЗА ДАВАЊЕ НА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ

Министерството води Регистар на адвокати во писмена и електронска форма и истиот го објавува и ажурира на секои три месеци на својата веб страница согласно со прописите за заштита на личните податоци.

Министерството со решение **ќе го избрише адвокатот** запишан во Регистарот на адвокати во следните случаи:

- по поднесено барање од адвокатот за бришење од Регистарот на адвокати,
- ако адвокатот не соработува со Министерството при давањето на секундарна правна помош,
- ако без основ одбие да дава секундарна правна помош или не ја дава правна помош согласно решението со кое е одобрена, или не одговори на барањето од Министерството да даде секундарна правна помош,
- ако во повеќе наврати не може да се стапи во контакт со адвокатот кој не го известил Министерството за промена на адресата или на податоците за контакт,
- ако се утврди дека адвокатот при давањето на секундарна правна помош не ги исполнува обврските предвидени со членот 32 од овој закон и
- ако адвокатот биде избришан од Именикот на адвокати кој се води при Адвокатска комора.

# Постапка за надоместок за дадената секундарна правна помош

Член 33

(1) Адвокатот за дадената секундарна правна помош поднесува трошковник:

(2) - до надлежниот суд за предметот, изготвен согласно правилата на парничната постапката и Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите донесена од страна на Адвокатска комора

(3) - до Министерството најдоцна во рок од 15 дена од правосилноста на одлуката, изготвен согласно членот 34 од овој закон.

# ТАРИФА
# ЗА НАГРАДА И НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАБОТА НА АДВОКАТИТЕ
# ОПШТИ ОДРЕДБИ/28.01.2020 година/

**II. Бесплатна правна помош**

**Граѓанска постапка**

***За состав на образложени поднесоци, тужби и жалби, како и за присуство на одржани рочишта, увиди и вештачења, наградата изнесува 70% од предвидената во точка 2.***

Управна постапка

За состав на барање и жалба пред надлежен орган наградата изнесува вкупно 6.000,00 денари.

Управни спорови

За состав на образложени поднесоци, тужби, жалби, како и за присуство на одржани рочишта, увиди и вештачења, наградата изнесува 7.000,00 денари.

Кога правната помош се дава на деца во постапките пред Центарот за социјална работа и Министерството за внатрешни работи во согласност со одредбите од Закон за правда за децата, наградата изнесува 4.000,00 денари.

# ЗАКОН ЗА СУДСКИ ТАКСИ -ТАКСЕН ОБВРЗНИК

**Член 3 од ЗСТ**

(1) Таксите пропишани со овој закон е должно да ги плати лицето по чиј предлог се поведува постапката или во чиј интерес се преземаат дејствијата во постапката (во натамошниот текст: таксен обврзник).

(2) За одлука на суд со која поднесокот се отфрла како поднесен од неовластено лице, таксата е должен да ја плати подносителот на поднесокот со кој се иницирала постапката.

(3) За поднесоците или за записниците што ги заменуваат нив, таксата е должно да ја плати лицето кое ги поднесува, односно лицете по чие барање се составува записник.

(4) За одлуката на судот таксата е должен да ја плати тужителот, односно предлагачот, а за судското порамнување - двете странки, доколку поинаку не се спогодиле.

(5) Кога според овој закон **две или повеќе лица** се должни да ја платат таксата заедно, **обврската е солидарна**.

(6) Во оставинската постапка наследниците се должни таксата да ја платат сразмерно со големината на наследниот дел, ако постапката се води пред суд во случаите предвидени со Законот за вонпарничната постапка.

(7) Кога оставинска постапка се води пред нотар како повереник на судот не се плаќа такса, освен такса за поднесување на предлогот пред суд.

# ТАКСЕНА ОБВРСКА

**Член 4**

(1) Таксата се плаќа кога ќе настане таксената обврска.

(2) Ако со овој закон поинаку не е определено таксената обврска настанува:

1) за поднесоците - кога се предаваат, а за поднесоците предадени на записник - кога записникот е завршен;

2) за судските одлуки - кога на странката или на нејзиниот застапник ќе му се врачи препис на одлуката;

3) за судските порамнувања - кога ќе се склучат;

4) во постапката за расправање на оставина - кога предлогот странката го предава во суд;

5) во стечајна постапка - кога се поднесува предлогот за поведување на постапка и за одлуката за главна делба;

6) за судските преписи - кога ќе се побараат;

7) за препис на нотарски и други списи кои ги чува судот- кога ќе се побараат и

8) за другите дејствија - кога ќе се побара нивно преземање.






Република Северна Македонија
Министерство за финансии

УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ





# ПОСЛЕДИЦИ ОД НЕПЛАТЕНА ИЛИ НЕЦЕЛОСНО ПЛАТЕНА СУДСКА ТАКСА

***ЗСТ Сл.весник бр.114/09***

Член 6 (1) **Нецелосно платената или неплатената такса го задржува текот на судската постапка,** ако со овој или друг закон поинаку не е определено.

(2) По барање од странката судот е должен да ги прими непосредно од странката и поднесоците за кои не е платена такса или нецелосно е платена.

# Член 8

# Судските такси се приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

# ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ СУДСКИ ТАКСИ

**Член 10 *ЗСТ Сл.весник бр.114/09***

(1) Од плаќање на такса се ослободени Република Македонија, државните органи, Организацијата на Црвениот крст, како и странски држави, странски државјани и меѓународни организации, ако тоа е предвидено со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Македонија или под услов на реципроцитет.

(2) Во случај на сомнение за постоење на реципроцитет, мислење дава Министерството за правда.

**(3) Таксата не се плаќа и во случаите <u>определени со друг закон.</u>**

***ЗИД на ЗСТ Сл.весник бр.106/13***

**Членот 11 се менува и гласи:**

„Ослободени од плаќање на такса се : - поранешните вработени за пријавување на побарување од работен однос кај стечајниот должник во стечајна постапка согласно со Законот за стечај, - граѓаните во постапка за одлучување по барање за ослободување од трошоци на постапката, - граѓаните во управни спорови од областа на социјалното осигурување, социјалната помош, старателството и посвојувањето и денационализација и - граѓаните во постапка за извршување на барање за доверување на дете на чување и воспитание

# ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ СУДСКИ ТАКСИ

Член 12

(1) Старателот на отсутно лице чие престојувалиште е непознато, старателот на имотот чиј сопственик е непознат, како и привремениот застапник на странката поставен од судот во постапката што се води пред судот, **не плаќа такса за лицето кое го застапува.**

(2) Таксите од ставот (1) на овој член се наплатуваат од имотот на лицето кое е застапувано.

(3) Неплатените такси од ставот (2) на овој член судот ги внесува во пописот на таксите и по завршувањето на постапката постапува согласно со членот 29 од овој закон.

# Ослободување од плаќање судски такси

**Член 13 од ЗСТ**

(1) Судот ќе ја ослободи од плаќање такса странката ако со плаќањето на таксата значително би биле намалени средствата од кои се издржува странката или членовите на нејзиното семејство.

(2) Судот може на странката **да и го одложи плаќањето на таксата** се до донесувањето на одлуката **или да и дозволи плаќање на таксата на рати.**

(3) **Решението** за ослободување од плаќање такса, за одлагање на плаќање на такса или за плаќање на рати ја донесува судот по предлог на странката **во рок од пет дена** од денот на поднесениот предлог во судот.

(4) Кон предлогот странката **приложува доказ издаден од надлежен орган за имотната состојба** која се утврдува врз основа на податоците за приходи по сите основи на тоа лице, како и на членовите на неговото домаќинство со кои живее, и изјава за неговата материјално-социјална состојба за период од шест месеца пред доставувањето на предлогот.

**Член 163 од ЗПП**

Судот ќе ја ослободи од плаќање на трошоците на постапката странката која според својата општа имотна состојба не е во можност да ги поднесува овие трошоци без штета за својата нужна издршка и нужната издршка на своето семејство.

**Опфаќа** - ослободување **од плаќање на такси** и ослободување од полагање на аванс за трошоците на сведоците, вештаците, за увид и за судските огласи.

При донесувањето на одлуката за ослободување од плаќање на трошоците на постапката, судот грижливо ќе ги оцени сите околности, а особено ќе ја земе предвид вредноста на предметот на спорот, бројот на лицата што ги издржува странката и приходите што ги имаат странката и членовите на нејзиното семејство.

# Решение

**Член 14 од ЗСТ**

(1) Решението за ослободување од плаќање на такса се донесува посебно за секоја таксена обврска.

(2) Решението за ослободување од такса **судот ќе го укине** во текот на постапката ако утврди дека странката е во состојба да ја плати таксата. Притоа, судот ќе одлучи дали странката **во потполност** или **делумно** ќе ја плати таксата од која порано била ослободена.

**Член 167 од ЗПП**

(1) Решението за ослободување од плаќање на трошоците и за назначување на полномошникот првостепениот суд во текот на постапката може да го укине ако утврди дека странката е во состојба да ги поднесува трошоците на постапката. Притоа, судот ќе реши дали странката наполно или делумно ќе ги надомести и оние трошоци и такси од кои порано била ослободена, како и трошоците и наградата на назначениот полномошник.

# Прашања



**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**ПАВЕЛ ШАТЕВ**

# Б Л А Г О Д А Р А М
## на вниманието

Судија Лидија Димова
Основен суд Велес

**sudijadimova@gmail.com**